**ПРИВАТИЗИРАНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО И ДРУГИ**

**1.** До Општинското јавно обвинителство Битола на 31.03.1997 испратив кривична пријава против директорот Вангел Гагачев на ЗК ″Пелагонија″-Битола, каде наведив: ″КРИВИЧНА ПРИЈАВА″. Затоа што од сиромашко дете кое живеело како кирачија со нечесно, нечовечко и ненародно однесување и нанесе штета на државата и лично се обогати.

О б р а з л о ж е н и е.

Вангел Гагачев кога постана директор на ЗК ′Пелагонија′- Битола со фалсификат уверение од Општинскиот суд- Битола ја грабна власта во свои раце и спротивно на законите и економијата ги острани сите способни кадри и така го доуништи од него започнатото од 1977 година како пом.дир. по земјоделие на ЗИК ′Пелагонија′- Битола. Постави неспособни и необразовани кадри и така тој можеше да го уништува како странец Комбинатот. Тогаш тој постави негови роднини и соселани како директори, а тие за него и за нив ја водат комерцијата и финансиите. Со ликвидацијата на стручниот кадар, тој опстои самиот, сам се договара и ја одредува цената на купеното и продаденото (на пример нивни трактори и друга механизација, итн.). Освен тоа тој се купува многу поскапо и понеквалитетно што неможи и несмее да контролира никој, дека Комбинатот постанал негова приватна сопственност. Ги испрати насила во пензија сите заслужни работници, а сака да го приватизира само со неговите роднини и соселани, кои немаат врска со Битола и Битолско на кои (сопственици од Битолско, Р. И.) не им е вратена национализираната земја. Освен што тој сака да биде сам сопственик и газда, преку свои соработници го плачкаат Комбинатот. Најдобар пример со неговиот пријател со исто потекло од сел.Буф проф. др.Ефтим Анчев, чиј син има своја фирма, преку која купува Комбинатот се поскапо. На таков начин се плачка државата и се обогатуваат со крадење Вангел Гагачев, Ефтим Анчев и неговиот син.

Овој криминал е организиран кога за министер за земјоделие постанува Ефтим Анчев и тој заедно со неговиот помошник со исто потекло Христо Халевски од Министерството ги лажат директорите на земјоделските комбинати. Тие тврдат дека се доделувале странски кредити со високи камати. Затоа ниеден чесен и способен директор не се одлучил да земи таков кредит. Таков зел Вангел Гагачев 10.000.000 ДМ, со што се задолжиле младите генерации, а тој со него го покривал неговото неработење и злочинот врз народот. Како поткрепа на наведеното Вангел Гагачев самиот ја признава наведената сума. Се знае дека Комбинатот не издвоил ни еден денар за амортизацијата, што е законска обврска, што значи дека тој бил недоходовен заради непособниот и непријателски настроен од него назначен кадар, па затоа Комбинатот одамна бил ликвидиран и тој опстојува на мафијашки начин и на штета на државата. Тоа е поткрепа дека Комбинатот со него секогаш бил во загуба. Иако е тоа така тој во странство купува прескапо, неквалитетна и непотребна опрема. Истото самиот тоа го потврдува кога тој изјавува, известено од новинарката агроном Марика Василевска на 28.03. 1997 на Радио Скопје I во 15,30 часот, дека ЗК ′Пелагонија′ Битола правел загуба од 9.000.000 ДМ, а сега бил во добивка 1.000.000 ДМ. Така овие суми се потврдуваат со неговата претходна изјава дека Комбинатот иако недоходовен купил опрема во вредност од 10.000.000 ДМ. (Како што овде се говори за луѓе со исто негово потекло, таквите мене ме избркаа од работа во 1991 година, тие мене ме судеа, дури не ми дозволија да се вработам во Универзитетот во Скопје..., што трае се до денес, сите комунисти=СДСМ. Овие од универзитетите ме ликивидираа, а со цел, тие сами да водат проекти, па така да го плачкаат народот, Р.И.)

За да се оправда овој мафијашки начин на плачкање на државата Е.Анчев зедно со својот помошник Х.Халевски ја лажат Владата, недавајќи пред неа извештај кој бил корисник на тие средства, Владата припрема предлог закон до Парламентот и тој донесува закон кој всушност се однесува само за заедничкото зло дело врз народот на Е.Анчев и В.Гагачев. Затоа и Парламентот до денес не дал извештај за корисниците. Така понатаму опстоил В. Гагачев, се обогатил на штета на државата, а како против услуга успешно работи фирмата на синот на министерот со грабеж.

Кон овие злочини се надоврзува злочинот на В.Гагачев, кога тој национализираната земја која е нарасполагање на Комбинатот како негова сопственост ја продава на РЕК ′Битола′- Битола и од неа прима огромна сума за надохнада, дури со судска одлука 1.500.000 ДМ. Тие не се користат наменски, со нив да се купи нова земја и врати на сопствениците или на-

хнади парично нивната продадена земја, туку тој со нив работи, ја покрива загубата и се прикажува како добивка од 1.000.000 ДМ, што за лични цели и грабеж на државата се лажи јавноста и власта.

Опрема се купува, значи во вредност од 10.000.000 ДМ, во странство преку жиро-сметка во странство и тоа се поскапо и за неквалитетната и непотребна опрема (механизација), што е основ на незаконско негово обогатување. Па не е чудо да се јави како сопственик или акционер на некоја фирма во државата и нејзиното соседство. Што значи овие зло дела не се поневажни од на аферата ТАТ, што е можно и тој да учествува. Тој има изоштрен њух за такви дејанија, него не го интересира друго.

Овие злодела се продолжувања. Тој добива стан од ГП ′Бетон′- Битола кога успевал да ја догледа неговата ′тетка′ по нејзината смрт, иако нејзиниот имот бил токму заради него двојно наплатен: еднаш на РО ′Прехрана′, вторпат на Кланицата- Битола.

За него кражбите се дар од господа, кога тој сите пријавители за неговите соработници крадци ги казнува, значи и тој бил со нив вмешан во кражбите, а ги штити крадците. Дури пријавителите партиски ги казнува, а крадците ги унапредува. Секако за него морало да важи господовото, секој мора да краде за другите и така ќе биде спасен од казната. Таков е примерот со проневерувањето на бончината од општествената исхрана на неговиот соработник со исто потекло.

Ова лице како странец, можеби е и Немакедонец, се е можно, кога им се одмаздува и ги прогонува Македонците од вардарскиот дел на Македонија, а ги штити и унапредува само Македонците од егејскиот дел на Македонија, што е злочин и спротивност на секој устав во било која земја и претседател, што не важи само за Иди Амин од Уганда- таква личност е В. Гагачев. Така со нив се ликвидира ЗИК ′Пелагонија′- Битола кој беше југословенски рекордер, а со него тој и ЗК ′Пелагонија′- Битола не се ни македонски рекордери, се приватизира од нив Комбинатот без да се почитуваат законските регулативи да им се јави на сите правни наследници итн, како најголема неправда врз Битолчаните и граѓаните од Битолско и способниот кадар кој го избрка ликвидира и човечно уништи ова крволочно животно. (Тој ѕвер до денес не се променал, што за него е нормално, Р.И.)

Со оставениот неспособен кадар, му се нанесува многуструки злодела на народот: не се купуваат лекарства (и тие средства биле украдени), па затоа оболеа преку 100 потрошачи од свинско месо од болеста стафилококоза. Не се купува вакцини (и тие средства се украдени), затоа свињарската фарма оболе од чумата и таа 100% е уништена. Не се факционираат кравите итн. од бруцелоза (и тие средства се украдија), ќе може да се појави бруцелозата. Не се врши турбекулонизација на грлата (и тие средства се украдоа), е опасност за здравјето на животните и луѓето. Не им се даваше храна на грлата во фармата на говеда во с.Породин, тие 100% изумреа од глад и студ. Редовно умираат увезените грла од странство заради неработење и нагон само на кражби. Изумреле по вина на Вангел Гагачев многу негови колеги од неговото изживување, од кои некои беа срцеви болесници како непријател на човечноста, а тој како ′срцев болесник′ не сакал да служи војска за него странската држава на која и нанесе и понатаму ќе и нанесува штета овој непријател.

Кон оваа кривична важат сите досега поднесени други пријави.

Во надеж да се прифатат истите се заблагодарувам, да се казни овој злочинец и да се протера од оваа држава која за него е странска и непријателска затоа и нанесе огромна штета и ја оплачка. 31.03.1997...″.

На 03.04.1997 е испратена:″ДОПОЛНА на Кривична пријава од 31.
03.1997. Како прилог на мојата кривична пријава истата ја долнувам:

Вангел Гагачев го оштети и уништи ЗИК ′Пелагонија′- Битола од 1977 година, а со неговите соучесници сака да го приватизира Комбинатот и тоа одземајќи им го правото на основачите на Комбинатот, тие што него го направија југословенски рекордер, да сега според климатските и почвените услови не е ни македонски рекордер. Затоа тој во се ја лажи јавноста и државата.

Со неготo доаѓање од 1977 година го уништи доходовното сточарство, не сее доходовни култури, а сее само недоходовни (пченица, јачмен и сончоглед), што е познато за целиот свет неприфатено само од него или пак е непријател на државата: не му го продаваше сончогледот на Македонија (Велес), туку на фабриката за масло во Србија (Пеќ).

Токму заради недоходовната пченица, јачмен и сончоглед тој ја лажи државата, зема кредит за подигање на фарми, тие не ги подига и средствата ги пренаменува за покривање на загубите на недоходовното производство на пченицата, јачменот и сончогледот. Таков беше случајот со новата свињарска фарма за 30.000 гоеници годишно, која не се изгради како најголемо зло врз народот.

Како поткрепа на наведеното на двапати ја затвори конзервната фабрика, бидејќи не сакаше да сее доходовни градинарски култури за нејзините потреби, што неможе друго да значи освен саботерски чин.

Кога во 1990 година ја бараа неговата оставка како неспособен и нестручњак (се сееше само недоходовни култури со најниски приноси- минимален доход) како и влошувач на меѓучовечки односи, тој за да опстои на штета на економската логика и државата, прв во државата го распадна ЗИК 'Пелагонија' и од него произлезе ЗК 'Пелагонија'. По одвојувањето на Фабриката за сточна храна с.Радобор неа повеќе не и го продаваше јачменот туку вон Битола. Така таа мораше истиот да го купува вон Битола, само поскапо за неговите лични цели. Освен тоа малите количини на пченка во зрно не ги сушеше во фабриката, за која ЗИК 'Пелагонија' изгради нова сушара, за таа да ја затвори, пченката ја носеше во Градско на сушење.

Истото се случи со Шеќерна фабрика, која беше основач на ЗИК 'Пелагонија' во 1962 година. Како одмазда за нејзиното одвојување, нејзе и ги намали површините од 2500 ха на постепено се до 800 ха. (Денес повеќе не се сее, Р.И.) Како саботер или тиквар или државен непријател, го снижи приносот од 60000 кг по хектар само на 25000 кг/ха. Така сакаше да ја оствари неговата желба да ја затвори Шеќерната фабрика како странска фирма. Ова го правеше, бидејќи тој како лаик мислеше дека шеќерната репа не е доходовна. Кога сознаа дека е обратно, започнаа одмаздите и затоа ги снижи сеидбените површини само на 800 ха. Ваквиот злочинечки чин беше познат од поодамна кого редовно преостанатата несобрана површина на шеќерна репа ја истањира напролет (сум објавил труд во Загреб). За него беше полесно безработа да живее на државни јасли со пченица итн.

Тој е неспособен или државен непријател кога нему како светско чудо му замрзна пченицата на 20 април 1988 година и затоа доби најниски приноси само 2800 кг/ха. Затоа тој ја лажи државата и докажува дека сушата во таа година била најсилна во последните 30 години, како што за 1978 година го велеше истото само за последните 20 години: ЛАЖГО. Тој сушата ја злоупотребува за мразот, што неважи за другите култури (јачменот) итн. За тоа ги поткупува луѓето од Комитетот за земјоделство. (Тој го уништи весникот на ЗИК ″Пелагонија″- Битола и тоа само со единствена цел, вработените да не можат да знаат што вшусност се работи во битолскиот општонароден Комбинат, кој постанал нивни- буфски. Не случајно, жителите од битолско ги мразат во душата Буфчаните и нивните блиски, затоашто тие нив ги избркале од нивните национализирани ниви, Р.И.)

Така несеејќи доходовни култури кои захтеваат наводување, докажува дека ХМС 'Стрежево' било непотребно и сака и него да го уништи, што е доказ дека ова лице нема врска со државава и економијата.

Тој е лаик за производство на пченица, сончоглед и јачмен. Така од принос на пченицата пред 1977 година произведена на исти површини од 6000 кг/ха, тој го снижува приносот на пченицата меѓу 3000- 4000 кг/ха. За да ги заскрие лошите производствени резултати, тој не им ги продава реколтите на Битола, ами вон неа. Така не само да се кријат приносите, полесно се лажи државата и неа одлично се краде: се реализира преку приватни фирми, како што се се внесува преку приватни фирми. (Во 1978 година сончогледот имаше повеќеструко пониски приноси, Р.И.)

Како доказ, дека него не го интересира доходот и Комбинатот е примерот во 1984 година кога тој не дозволува Комбинатот да купи 10 милиони кг пченка преку ООЗТ на Комбинатот 'Пелагонијакомерц', туку преку негови пријатели од 'Семепанонија'- Суботица. Како против услуга се внесува запрашена семенска пченка со најголем отров живата од 500 тони не за сеење туку спротивно на сите законски норми, во исхраната на добитокот, така се труе добитокот и луѓето во државата: супер злочинец.

Значи, тој со неговите пријатели и нивни фирми, прави се на штета на државата за негови лични цели и да се обогати. Затоа тој купува се поскапо, понеквалитетно и непотре-

бно. Како може да се сфати инаку како е можно, се тој што купува од исти купувачи се да е поскапо, а од продавачот самиот Комбинат се да е поефтино.

Иако беше задолжен да издвојува средства за фондот за амортизација, тој тоа не го чинеше токму заради недоходовните култури. Редовно се лажеше државата и таа им даваше средства за замена на механизацијата. Иако таа беше недоискористена, за да купи нова и да ја оплачка државата, морал да ја продава постоечката механизација, што било услов да се добијат 10.000.000 ДМ кредит ослободен со закон од Парламентот. Затоа тој оформи комисија да ја оцени постоечката механизација. Таа ја оцени повисоко, бидејќи таа не била амортизирана и била неопходна за потребите на Комбинатот. Кога не можел да ги реализира неговите приватни цели да се обогати, ја променил комисијата и оформил нова. Така со неа ја оштетил државата, продавал на кој сака и како сака и морал да има личен интерес. За овој проблем пишуваа македонските гласила. Ваквата опрема ја фрли без да се материјализира нејзината вредност, како што беше токму од него купената и непотребна опрема за наводнување ′бумовите′. Ним им беа украдени уште на почетокот моторите и тие неможеа да работат. Им се купија нови мотори (крадците не беа фатени, оти беа негови луѓе), тие понатаму не работат. Уште нови се прогласија непотребни, се исекоја за старо железо, што е негов злочин врз оваа за него странска држава.

Како што се прогласија ′бумовите′ непотребни, се купи нова американска опрема за наводнување. Таа се инсталира на површините под ХМС ′Стрежево′. Бидејќи нејзините површини се сеат само со недоходовни култури (пченица, сончоглед и јачмен), кои не се наводнуваат, опремата е купена само за да се купи нешто, на штета на државата и обогати В. Гагачев.

Што важи за американската опрема за наводнување, важи непотребното купување на американските џондири (трактори) и друга тешка механизација од странство кога таа не се користи агрегатски (орање, тањирање, сеење итн. наеднаш како во САД), туку нивниот ефект е како на тракторите фергусони (мали итн.), што го потврдува доказот дека се купувало скапо во странство за да се оплачка државата и обогати В.Гагачев.

Како може инаку да се сфати се што е купено директно од Комбинатот од странство (директно од самите производители и тоа, Р.И.) преку жиро-сметака (приватна) се да е поскапо купено отколку да се купи преку македонски посредник (трговска фирма, Р.И.).Се знае дека од 10.000.000 ДМ се добива 10% маржа, значи преку таа жиро-сметка во странство е оштетен Комбинатот од 1, па и повеќе од 3 милиони марки на лична сметка. (Ова го кажуваат трговците, кои со години на Комбинатот се му продавале, па следи нагла промена од кога Вангел Гагачев сакал да стане газда, Р.И.)

Се фрла недоискористена опрема за молзење и тоа Алфа- Лавал од Шведска и не се купува директно од истата фирма (таа има свој посредник во Скопје), туку од Нови Сад и тоа само со цел да се плачка државата.

Овие се само некои злодела на В.Гагачев. Тој се да реализира на штета на државата, ги брка од работа способните, а ги остава арамиите, кои се снимени дури на видео лента кога се тие членови на неговата банда.

Ги тера под Трудот лицата потребни на Комбинатот, а остава непотребни. Им дава личен доход (12) и ги убедува дека за нив било подобро да ги вложат во ТАТ отколку да работат бадијала во неговиот буфски Комбинат. Тоа го прават вработените и тие се оплачкани. За да ја плачка државата, е основач на фирмата ′Пазар на пари и хартија од вредност′ во Скопје, што се гледа од весникот ′Дневник′ од 31.03.1997.

Ги испраќа во пензија сите вредни, а ги остава како него тиквари. Платите им ги одредува од рака по оданост и симпатии. Сите непријатели на Комбинатот (државата) се на раководно место, со највисоки лични доходи, а другите седат дома а спротивно на законите примаат плата без работа итн.″.

На 05.04.1997 следи: ″ПРИЛОГ.  За Вангел Гагачев поднесов кривична пријава на ден 31.03.1997 и дополна на ден 03.04.1997.

Во нив наведив како тој сам ја одредува цената без претходна пресметка за оправданоста и доходовноста на културата. На таков начин тој ги продава сите производи со најниски цени и од купувачот ја добива разликата на цена до цената призната од државата за лично обогатување и оштетување на државата. Кога ќе се земи во предвид дека Комбинатот за-

ради нестручност има повисоки трошоци на производство, што значи повисока цена, злото е поголемо.

Тој го ликвидира способниот кадар, сам оди на пат во земјата, сам се договора со продавачи и се сам купува поскапо. Разликата на цената до познатата продажна цена ја присвојува како своја за лично обогатување. Така Комбинатот има на стартот за негова лична корист и поскапо производство.

Со вака ликивидиран кадар самиот оди на пат во странство, самиот се договара со странскиот продавач. Тој му ја продава стоката по неговата цена, а се прават фалсификат документи како таа да е поскапа. Споредено со цената по која се продава на пример истиот трактор џондир од САД за агрегатска употреба од нашиот посредник- продавач, таа е многу поскапа иако е купена директно од произведувачот во САД. Така разликата во цената се префрла на лицето Вангел Гагачев преку негова жиро или на друга жиро-сметка. Ако се земи во предвид дека џондирот не се користи агрегатски, туку само за една операција на пример за сеење, тогаш неговиот ефект е како на тракторот фергусон, кое е преефтин, значи непотребно купување на прескапа опрема. Кога би се разговарало со наш трговец, со која цена го продава истиот тип на џондир и која е неговата добивка со разните девачки на државата, криминалот е огромен. Кон ова би требало да се надоврзат сите други купувања: други трактори, комбајни, сејалки и друга механизација.

Познато е кога некој купувач купува повеќе механизација- опрема од било која фирма, таа му дава попуст на купувачот, како и награда за нивниот деловен однос. Сето тоа е префлено на лицето В.Гагачев, а не на купувачот ЗК ′Пелагонија′- Битола: криминал до криминал.

Се купуваат и лесни коли од една фирма итн. од странство- директно. Се знае дека В. Гагачев вози само една своја приватна лесна кола и носи само една вентијага и тоа само со цел да ја прикрие вистината за неговите злочини врз државата кога тој непотребно се расфрла со државни пари од следните млади генерации за купување на лесни коли како непотребност кога тоа не го прави за автобуси за вработените, кои се произведуваат во државата во Скопје и тоа само со цел да направи промет на странска фирма за да ја оплачка државата: неговите службени коли ги менува секој две години, а има приватна кола само една. (Следи тој да купува автобуси од странство, и тоа не само вон Р.Македонија туку и вон просторите на СФРЈ, оти има преголема девизна добивка..., Р.И.)

Со ликвидирањето на кадарот, тој има свои неспособни луѓе да го покриваат неговиот криминал: ќе се наведи примерот со м-р Михајло Наумовски кој беше познат заштитар во СФРЈ и Р.Македонија. Тој последниве години е отфрлен, седи дома и прима плата што е спротивно на сите закони. Неговата дејност заштита на растенијата, зашто Комбинатот издвојува најголеми (средства за тие, Р.И.) трошоци, му е предадено на лица кои немаат врска од таа проблематика, меѓу кои и сточари што е строго забранливо. На таков начин се купува поскапо, непотребно и неквалитетно и така се покрива криминалот од неговите соработници соучесници безнахнада. Истото се случува со ѓубривата и разни семиња. За сточарството нема човек, каде се се краде (во свињарската фарма има повеќе животни од евиденцијата, за полесно да се краде без документација. В.Гагачев за такви дела го избркал неговиот помошник и колега земјоделски техничар Димо Косовски, сега го врати за кражби и ликвидација на кадарот). Ако се земи во предвид, дека Комбинатот е со сточарскополоделска дејност, а него го раководат лозароовоштари без да ја познаваат дејноста, е се јасно.

В.Гагачев е виновен за фрлените пари за реконструкцијата и проширувањето на свињарската фарма, која наместо сега да има капацитет 8500- 7500 гоеници годишно, таа произведува како пред тоа, само 5000 гоеници годишно. За ова тој ја лажеше државата: тој е професионален лажго.

Тој е виновен 100% пропапаѓање на лозјата, овоштарството, хмељарството, тутунарството со неговите сушари итн. Се што тој започна за да му направи некому услуга, сега негови заштитници, се уништи. Тоа мораше така да биде кога тој го уништи кадарот и Развојната служба, што беше основ да се ликвидира ЗИК ′Пелагонија′ и доуништи ЗК′Пелагонија′.

Тој се расфрла со други пари, кога за генерална дирекција ја оспособуваше касарната (музејот), за да изигрува личност за невидените злочини врз државата.

Нему секој година му пропаѓаат огромни количини на реколта. Тоа добро му доаѓа кога со своите приврзаници отпишува повеќе пропадната реколте, за повеќе да пропадне и присвои државни средства за негови цели.

На ова би морало да се надоврзат и многу други злочини и кражби. 05.04.1997″.

Јас на 15.03.1999 до Републичкиот јавен обвинител Скопје испратив Кривична пријава, со следен текст:

″Досега сум испраќал кривични пријави за Вангел Гагачев во кои се говори за злоупотреба на должноста, уништување на кадри и личности, нанесување на штета на државата и лично обогатување како чин на организиран грабеж. Бидејќи правосудството со обвинителството им припаѓаа на СДСМ како партија на власт, спротивно на законите во државата и основниот закон (уставот), тие не беа разгледани. Таков е примерот со моите пријави од 31.03.1997,03.04.1997 и 03.04.1997. Апсурдот да е поголем до денес за нив не сум добил никаков одговор. Токму затоа ќе наведам само некои злочини:

ЗИК ′Пелагонија′- Битола беше југословенски рекордер. Кога постана директор во Комбинатот членот на СКМ, ЦК СКМ и ЦК СКЈ Вангел Гагачев од 1977 година тој со години престана да биде рекордер не само во државата ами и во републиката. Заради неговите самоволија и потпопни непознавања од земјоделието Комбинатот прв се распадна и во 1990 година од него се издвои само земјоделскиот дел ЗК ′Пелагонија′- Битола.

Тој како произведувач на недоходовни и екстезивни култури (пченица, јачмен, сончоглед) во споредба со другите комбинати беше најнедоходовен. Освен тоа тој никогаш не издвојувал средства за амортизација. Затоа тој како недоходовен беше приморан да ја купува целокупната механизација и опрема со 100% државни средства.

Во последните години Комбините мораат да користат стара опрема и механизација што е нормално од состојбата во државата. За жал ова правило не важи за најнедоходовниот ЗК ′Пелагонија′- Битола кој 100% поседува нова и прескапа опрема и механизација. За да ја внесе новата опрема и механизација на злочинечки начин ја отуѓува постоечката, која е најодерна во државата и незамислива за другите комбинати во државата.

Сево е можно на следниот злочинечки начин: за да му работи успешно фирмата на миистерот за земјоделие Ефтим Анчев и да се обогати Вангел Гагачев министерот и негоиот помошник Христо Халевски ја лажат државата. На директорите на комбинатите им се нудат кредити со високи камати. За да не се задолжат подоходовните комбинати тие не подигаат кредити. Затоа нив ги подигнува ЗК ′Пелагонија′. Тогаш Министерството за земјоделие ја лаже Владата, а таа го лажи Парламентот. Се донесува закон со кој се ослободуваат корисниците на кредити без камата. Такви нема, оти тој е само ЗК ′Пелагонија′- Битола. Сумата која ја примил Комбинатот е 10.000.000 ДМ, потврдено од Вангел Гагачев со неговите изјави да е инвестирано за опрема и механизација 10 милиони ДМ. (Тој како најголем акционер и овие ги присвои, Р.И.)

Втор злочин е со програмата ФАРЕ: Владата беше должна да даде извештај за корисниците на програмата ФАРЕ. Парламентот беше излажан. Тоа беше нормално кога главен корисник беше само ЗК ′Пелагонија′- Битола.

Трет злочин: ЗК ′Пелагонија′- Битола на РЕК ′Битола′ му продава национализирана земја. Средствата, некои добиени и со судска одлука, не се користат наменски за купување земја, која би морала да се врати на сопствениците, туку се работи како со нивни средства создадени од производството.

Така Комбинатот како најнедоходовен во државата е опремен со најскапа опрема и механизација, зашто би морале да му завидат најбогатите и најголемите светски производител, кои произведуваат со многу постара и полоша опрема и механизација. Разликата е во тоа што капиталистот мора да создаде средства за тоа што е ′купено′ во Комбинатот да го има, што не е можно. Сето тоа е добродојдено да се купува се во странство поскапо, иако е директно купено од произведителот, отколку сето тоа да се купи од македонски трговец. Овие злодела се одвивале преку странски жиро-сметки. Значи, разликата што би требало да ја добиваат извозниците од странство и трговците од Р.Македонија и се припишува на ′сопственикот′ Вангел Гагачев (арамијата).

На ваков начин тој е акцинонер на Стопанска банка- Битола, која на АД Млекара и дава околу 1,3 милион ДМ: наместо таа да купува крави или опрема за млекарството, Банката и Млекарата ја лажат државата и се купува опрема за производство за сокови во иста инсталација, што законски не е дозволено.

Галеничината на СДСМ изигруваат манеџери, се појавуваат на изборите како кандидати за пратеници и со државни пари се финансираат изборите за СДСМ:пред изборите им се доделуваат признаници и награди 11- ти октомври итн. 15.03.1999″.

Следи одговор: ″Република Македонија Јавно обвинителство на Р. Македонија РО.бр. 68/99 Скопје, 13.04.1999

ДО РИСТО ИВАНОВСКИ Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Предмет: Известување

Во врска со кривичната пријава против Вангел Гагачев, која од Ваша страна е поднесена до ова обвинителство, Ве известуваме дека за текот на постапката во врска со пријавата можете да барате известување од Основното јавно обвинителство во Битола.

ВТ.ЗР Заменик Јавен обвинител Славчо Станков″.

До Основното јавно обвинителство Битола, на 08.05.1999, е испратено ″Предмет: Замолница за разгледување на мојата кривична пријава за Вашиот Вангел Гагачев, директор на ЗК ′Пелагонија′.

Досега сум испраќал со години кривични пријави за лицето Вангел Гагачев. Таквите, како Ваша партиска зависност, без разгледувања ги отфрливте, а за некои дури донесовте решение, како на пример за безправно грабнатиот стан на ′теткаму′, за чиј имот двапати е наплатено, а тој со Ваша помош успеал да ја догледа ′теткаму′ по смртта, како светско чудо и злочин на државата.

За истата цел, за истото лице до Вас се испратени кривични пријави на ден 31.03.1997, Дополна од 03.04.1997, Прилог од 05.04.1997, зашто до денес не сум добил одговор.

Ако имате чест, достоинство и елементи на учтивост, ВЕ ЗАМОЛУВАМ да ми јавите што стана со моите поднесени пријави преку пошта со препорачни писма.

Свесен сум, дека Вие тие без да ги разгледате ќе ги отфрлите, зашто пак се заблагодарувам. Важно е, дека се јавивте.

Само за потсетување: да си поставите прашање, како е можно најбогатите земјоделци во Европа и Америка да немаат комплетна нова опрема и механизација, а таа ја има ЗК ′Пелагонија′, кој произведува 100% недоходовни култури, кои не се наводнуваат и се најнедоходовни? Или инаку кажано, како е можно, сите Комбинати, кои произведуваат доходовни култури да се во лоша состојба, а ЗК ′Пелагонија′ само тој да е најдобар ? Значи, тој е светско чудо, кој опстојува на државни јасли, на државата не и ги плаќа придоносите итн., зашто ќе морате 100% да ги разгледате неговите сметки, а не приказни за личотијата на уништувачот на ЗИК ′Пелагонија′, непријателот на Р.Македонија и Македонците: Р.Македонија е држава на сите граѓани и земјата од ЗК ′Пелагонија′ им припаѓа на претходните сопственици, чија земја не им е вратена, како и на граѓаните од Општината Битола, а не на чедата од Буф од типот на В.Г. 08.05.1999″.

Од ″Основно јавно обвинителство РО.бр.24/97 и 24/99 од 21.12. 1999 год. Битола РП/ВЈ ДО: Д- р Ристо Ивановски ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола.

ПРЕДМЕТ: Известување

До Основното јавно обвинителство Битола на ден 1.04.1997 год. имате поднесено кривична пријава против директорот на ЗК ′Пелагонија′ Битола Вангел Гагачев за некои неправилности во неговото работење.

На ден 4.04.1997 год. е поднесено дополнување на кривична пријава, а на ден 7.04.1997 год. прилог кон кривичната пријава.

Наводите во кривичната пријава се проверени преку УВР Битола.

Од податоците доставени од УВР Битола произлегува дека во дејствијата на пријавениот не се содржани елементи на некое кривично дело за кое се гони по службена должност, заради што сметаме дека нема место за јавнообвинтелска интервенција. Зам.Основен обвинител Ристе Пашовски″. (Ако тоа било кажано од УВР и УВР-овците биле ЛАЖГОВЦИ, Р.И).

Бидејќи во Известувањето ништо подробно не стои, тоа е 100% произволно и без основа. Во Свињарска фарма с.Породин прасињата до денес умираат од ауецки, свињите од чумата... И конечно луѓето можат да оболат од бруцелоза, туберкулоза, стафилококоза итн. Бидејќи умрените свињи се закопуваат во масовна гробница, таква треба да подигни и Вангел Гагачев да се сотрат изродите, негови подржувачи и соработници. Вакви се и овде наведените обвинители, а и еден од другата кривична пријава, што важи и за други. Исто така, и за еден, кој денес е адвокат, кој дури лично ми се закануваше, во писарницата на Основното јавно обвинителство на прагот намерно ме сопна, уште не ме удри. Па тоа се SВЕРОВИ.

До Вишото јавно обвинителство Битола, на ден 08.06..1999 поднесов ″ЖАЛБА

Незадоволен од односот на Основното јавно обвинителство на Битола во однос на мојот предмет од 08.03.1999 испратен преку пошта, како и овој предмет, ја испраќам мојава жалба, со која барам да се превземат правни дејствија и заштита на државата. 08.06.1999″.

Следи одговор од ″ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО РО.бр.25 /99 14.07.1999 г. Битола ЗЧ/ЦП

ДО Г-дин РИСТО ИВАНОВСКИ ул.′Михајло Андоновски′- 6/21 Битола

Во врска со Вашата преставка доставена до оваа обвинителство, а во вид на поплака на работата на Основното јавно обвинителство- Битола, по Вашата пријава против Вангел Гагачев- директор на ЗК ′Пелагонија′- Битола, за повеќе кривични дела со злоупотреба на службената поло-жба, извршивме увид и проверка во тие предмети, при што Ве известуваме за следното:

Две од Вашите кривични пријави против погоре наведениот пријавен, во Основното јавно обвинителство- Битола од 5.04.1997 г., се заведени под РО.бр.24/97, додека најновите пријави за кои и зборувате во поплаката, од 8.06.1999 г., се заведени во тоа обвинителство под РО.бр.24/99.

И по двата овие предмети, сме известени дека, пријавите се ставени во а/а, со констатација дека нема место од Јавна обвинителска интервенција од причина што наводите биле паушални и не поткрепени со докази, а Вас како поднесител на пријавите не Ве известувале од причина што не сте биле оштетени лично Вие, за да супсидијарно го продолжите кривичното гонење. (Со неговите злочини народот сте го ставиле во а/а, Р.И.)

След увидот во овие предмети, посебно по последниот РО.бр.24/ 99, дадени му се дополнителни инструкции за проверка на одредени наводи истакнати во Вашите пријави, на Основното јавно обвинителство Битола, след кое ќе следува да бидеме запознати со резултатите од дополнителни-те проверки. (До денес без никаков ниту дополнителетен одговор. И ова е 100% произволно и безоснова, чин на самоволие и силеџиство, Р.И.)

За тоа накнадно ќе бидете и Вие писмено извсени (Ништо, Р.И.)

Горното примете го на Ваше знаење.

Зам. ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ Здравка Чипуровска″.

Сево наведено под точка **1.**, како кривична пријава, на 22.09.2008 го испратив до Основното јавно обвинителство во Битола. А таа се однесува: Против: Злочинецот со обвинителите. Од: Нивниот вечен непријател. Со завршеток: ″...Зам. ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ Здравка Чипуровска.

Бидејќи злочинецот има подршка од обинителите и против нив се однесува оваа кривична пријава и тоа само со цел да се казнат. Државата е само на мнозинството, народот, уништуван од многумалото мноштво на изроди кое има партиска моќ...

22.09.2008 Д-р Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″.

Фотокопија испратив до Премиерот на Владата на Р.Македонија.

″ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА

Бр. 07- 2198/7 Скопје, 26.09.2008

До: Г-дин Ивановски Ристо Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 ...

Предмет: Одговор на Ваше барање Почитуван Г-дин Ивановски,

Вашиот допис е разгледан со особено внимание од страна на надлежните служби во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија.

Би сакале да Ве информираме дека Канцеларијата на Претеседателот на Владата на Република Македонија останува на претходно дадени-от одговор бр. 07-2198/5 од 16.09.2008 година.

Со почит, КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА″, со печат и потпис Д.Трајановски.

**2.** На 12.05.2007 до Министерството за внатрешни работи- Скопје испратив предмет: Злоделата на директорот Вангел Гагачев на ЗК ″Пелагонија″- Битола. Тие се содржани во кривичната пријава, поднесена на ден 14.07.2008. Предметот и кривичната пријава како фотокопии на ден 14.07.2008 се испратени и до Премиерот на Владата. На 04.08.2008 следи мое дополнување на кривичната пријава од 14.07.2008. На 04.08.2008 истото како фотокопија му го испратив и на Премиерот. Исто така, и на 08.08.2008 следи мое дополнување на кривичната пријава од 14.07.2008 и 04.08.2008. На истиот ден, 08.08.2008, дополувањето како фотокопија е пратена до Премиерот. На 21.08.2008 следи уште моја дополна на кривична пријава од 14. 07.2008. На 21.08.2008 следи фоткопија до Премиерот. Вкупно се 52 точки мои обвиненија.

″Основно јавно обвинтелство КО.бр.407/08, 23.07.2008,Битола ДО: Ристо Ивановски, ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола. Врз основа на чл. 56 ст. 1 од ЗКП, Ве известуваме дека кривичната пријава- Предлог за кривично гонење поденесен-а, против Вангел Гагачев од Б-ла Е ОТФРЛЕНА, со решение КО.бр.407/08. Основен јавен обвинител″, рачен потпис и печат.

″ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр.407/08
21.07.2008 год.
Битола БВ-АЈ Врз основа на чл. 144 ст. 1 од ЗКП, донесувам:
Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТФРЛА кривичната пријава поднесена од Ристо Ивановски од Битола. ПРОТИВ: ВАНГЕЛ ГАГАЧЕВ од Битола.

За кривично дело ′Повреда на правата од работен однос′, од чл. 166 ст. 1 од КЗ.

Бидејќи постојат околности што го исклучуваат гонењето- застареност на кривичното гонење од чл. 107 КЗ.

О б р а з л о ж е н и е

До ова Обвинителство оштетениот Ристо Ивановски поднесе кривична против Вангел Гагачев за кривично дело ′Повреда на правата од работен однос′ од чл. 166 ст.1 од КЗ.

Кон пријавата се приложени одлуки на Основниот суд на Здружениот труд Битола РО бр.1110/90, решение на ЗИК ′Пелагонија′- Битола Д бр. 04- 362 од 4.08.1987 година, одлука за распоредување на работници на други работи и работни задачи од 6.7.1990 година, одлука по приговор од 30.7.1990 година, решение И.бр. 9/92, 6925/92 на Општинскиот суд Битола, извештај по наредба И.бр. 6925/92, Пресуда на Општинскиот суд Битола П. бр.987/92- I, решение на Центарот за вработување Битола од 17.1.2005 година, потврда за прием на пратка и заклучок на Центарот за вработување бр.03/413.

Во пријавата се наведува дека Вангел Гагачев уште од 1987 година до 1995 година спроведувал постапки против пријавениот и го распореду-вал на работни места намалувајќи му ги бодовите за плата, што значи дека пријавителот бил оштетен од таквите постапки.

Јавниот обвинител решавајќи по пријавата најде дека од самата пријава произлегува дека постојат околности што го исклучуваат кривичното гонење од следните причини:

Согласно чл. 166 од КЗ за кривично дело ′Повреда на правата од работен однос′ е предвидена парична казна или затвор до 1 година. Согласно чл. 107 ст.1 т.6 од КЗ настанува застареност на кривичното гонење кога ќе помине рокот од 2 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор до 1 година или парична казна.

Со оглед дека во кривичната пријава се наведени дејствија во период од 1987 година до 1995 година, а истата е поднесена на 15.07.2008 година, настапена е застареност на кривичното гонење за овие дела, бидејќи е поминат подолг рок од две години, што значи постојат околности што го исклучуваат гонењето.

Од тие причини се одлучи како во изреката.

Јавен обвинител Антонио Јолевски

ПОУКА: Се известува оштетениот Ристо Ивановски од Битола ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21, дека согласно чл. 56 ст.2 од ЗКП има право да го преземе гонењето и во рок од 8 дена од кога ќе го прими известувањето да поднесе Обвинителен предлог до Основниот суд Битола″.

На 25.08.2008 до Вишото јавно обвинителство Битола испратив: ″ПРОТЕСТ. На ден 14.07.2008 поднесов кривична пријава, во која се наведени 9 точки. Следи на 04.08.2008 дополна на кривична пријава со точки од 10 до со 35. Па на 08.08.2008 дополна на кривична пријава од 36 до со 45. Како и на 21.08.2008 дополна на кривична пријава со точки од 46 до со 52.

Меѓутоа, Вашето Обвинителство мојата кривична пријава со вкупно 52 точки ја свело само на една точка, а таа била само онаа под број 3. Со тоа се потврди, дека мојата кривична пријава како самоволен чин, без никаква законска и правна основа, е отфрлена. Токму затоа во поуката не постои право да се обратам до Вишото јавно обвинителство. Значи, се што е извршено, е само договорно.

Во пратечкото писмо следи одговор: ′Врз основа на чл. 56 ст. 1 од ЗКП, Ве известуваме дека кривичната пријава- Предлог за кривично гонење поднесен-а, против...Е ОТФРЛЕНА, со решение КО.бр.407/08′. Пак, Јавен обвинител бил некој си Антоние Јолевски.

Вакво однесување од Вашето обвинителство не е прво, всушност безбројно, а таков случај е наведен и точка под број 2. Бидејќи Вие дозволивте В.Г. да биде избран за генерален директор, Вие сте виновни за ликвидацијата и уништувањето на Комбинатот, чија земја е приватна, а со неа господари самобендисаниот...

За дополнување, како Вашето Обвинителство самоволно дејствува, се пример и следните мои кривични пријави:

Од Вас добив известување РО.бр.24/97 и 24/99 од 21.12.1999 од Зам .Основен јавен обвинител Ристе Пашовски, во кое стои и: ′Од податоците доставени од УВР Битола...′.

Меѓутоа, Вие Вашата обврска за сите 52 точки не ја исполнивте, затоашто мојата кривична пријава со нејзините дополни не беа испратени до МВР за да се утврди, дали во нив нешто постои вистинско. Па Вас тоа и не ве интересира...

За Вашето делување уште еден доказ: Од Вишото јавно обвинителство добив предмет РО.бр.25/99 од 14.07.1999, од Зам.Виш јавен обвинител Здравка Чипуровска, во кое стои и: ′...а Вас како подносител на пријавите не Ве известувале од причини што не сте биле оштетени лично Вие, за да супсидијарно го продолжите кривичното гонење′.

Иако овде сум оштетен, Вие ништо не превземате. За тоа јас лично требало да гонам. Меѓутоа, кој него ќе го гони за многу вработени, за кои стои под точка 4, како и за сите вкупно 52 точки ? А јас наведив: ликвидитар, уништувач, лажго, арамија, убиец...

Начинот како Вие работите најдобро се гледа токму во Вашето Решение КО.бр.407/08 од 23.07.2008, кое го добив денес на 25.08.2008. А во него стои и:

′Согласно чл. 166 од КЗ за кривично дело >Повреда на правото од работен однос< е предвидена парична казна или затвор до 1 година. Согласно чл. 107 ст. 1 т.6 од КЗ настапува застареност на кривичното гонење кога ќе помине рокот од 2 години од извршувањето на кривичното дело за кое според законот може да се изрече затвор до 1 година или парична казна.

Со оглед дека во кривичната пријава се наведени дејствија во период од 1987 година до 1995 година, а истата е поднесена на 15.07.2008 го-дина, настапена е застареност на кривичното гонење за овие дела, бидејќи е поминат подолг рок од две години, што значи постојат околности што го исклучуваат гонењето′.

Па Вие не сакате да ги прочитате моите предмети. Токму затоа да Ви укажам рокот не е надминат. Под точка 3, на стр. 3 од кривичната пријава стои: ′...Кога ги собирав моите документи, двете последни години ЗК >Пелагонија< пензиското осигурување не го исплатил...

Бр.03- 413

26.12.2006...ЗАКЛУЧОК

СЕ ДОЗВОЛУВА обнова на постапка и СЕ ПОНИШТУВА решение бр.0306-04 од 17.01.2005 год. на ЗВРМ Биро за вработување Битола...′.

Исто така, зачудува Вашето однесување.Се истакна: ′На ден 14.07. 2008 поднесов кривична пријава...Како и на 21.08.2008 дополна на кривична пријава...′. А следи КО.бр.407/08 од 21.07.2008 и испратено со КО.бр.407/08 од 23.07.2008. Значи, мојот последен предмет беше на 21.08.2008, што се совпаѓа со Вашиот датум 21.07.2008, што се менало на 23.07.2008. Меѓутоа, Вие пишите јули, а мислите август. Па ЧОВЕЦИ денес е 25 август 2008 го-дина. Така со еден потег сте го спасиле Вашиот штитеник (В.Г.). Па господа ЧОВЕЦИ, еднаш и засекогаш човечки бидете ми и мене заштитник. Доста од Вас страдам од 1990 година, точка 2...

ПаВие еднаш треба да знаете што пишете. Еве гоВашето пишење:

′ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО.бр.407/08

21.07.2008

Битола

БВ-АЈ

Врз основа на чл.144 ст. 1 од ЗКП, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТФРЛА кривичната пријава поднесена од Ристо Ивановски од Битола.

Против: ВАНГЕЛ ГАГАЧЕВ од Битола.

За кривично дело >Повреда на правата од работен однос<, од чл. 166 ст. 1 од КЗ.

- Бидејќи постојат околности што го исклучуваат гонењето- застареност на кривичното гонење од чл. 107 КЗ′.

АБЕ ЧОВЕЦИ, јас немам поднесено ваква кривична пријава. АБЕ ЧОВЕЦИ, Вие сте лажговци. Мојата кривична пријава говори дека самобендисаниот е ликвидатор на Комбинатот, неговото земјоделство, арамија, лажго, убиец...

Со тоа што Вие ЧОВЕЦИТЕ зедовте само една точка од мојата кривична пријава, Вие нечовечки сте негови соучесници за: >самобендисаниот е ликвидатор на Комбинатот, неговото земјоделство, арамија, лажго, убиец...<

Ова се потврдува и со Вашиот навод, фалсификат: ′застареност на кривичното гонење од чл. 107 КЗ′. Меѓутоа, рокот се уште не е надминат. Тоа е само по 26.12.2008.

АБЕ ЧОВЕЦИ, Господ нека Вие на помош. Некогаш ќе добиете нешто човечко...

Вам во Обвинителството Ви преостанува човечки да си ја завршите својата работа. Време е да се работи чесно и достојно.

Инаку историски обвинителствата на Грција, Србија, Бугарија и Албанија од 1913 година се носители на злото врз Македонците. Тоа најочигледно продолжи по Втората светска војна во мојава НР (СР) Македонија, и Р.Македонија по 1990 година, што важи и до денес. Дали таа и Ваша е, не би можел да тврдам. Во сите мои книги на крајот, посебно од авторот, за мене, ги наведувам сите ѕверства извршени врз мене од корумпираното Правосудство, приватизираното Јавнообвинителство и ненародниот Правобранител.Мојата кривична пријава со силеџиското однесување на Јавното обвинителство, носител на злото врз сите македонски дејци по Втората светска војна, ќе биде наведена во мојата 28- книга.

Господ кога некого казнува му го одзема паметот. Потоа тој станува кодош, арамија, и што не друго.

Таква била судбината на нашиот напатен македонски народ.

25.08.2008 Битола Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″.

На 25.08.2008 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив предмет, назначен со испраќање на Решение од Основното јавно обвинителство и мојот протест/одговор до Вишото јавно обвинителство Битола.

Следи одговор од ″ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

РО.бр.22/08 19.09.2008 г. Битола

ДО РИСТО ИВАНОВСКИ ул.′Михајло Андоновски′-бр.6/21Б-ла.

Од Ваша страна до ова обвинителство поднесено беше поднесок во кој изразувате незадоволство од донесеното решение Ко.бр.407/08 од 21.07.2008 г., со кое беше отфрлена Вашата кривична пријава поднесена против Вангел Гагачев од Битола за кр. дело повреда на правата од работен однос од чл.166ст.1 од КЗ.(Ваква кривична пријава не сум поднел,Р.И.)

Во врска со Вашиот поднесок од ОЈО- Битола го прибавивме погоре наведениот предмет и след оценка на споменатото решение, заедно со списите кон кривичниот предмет, сметаме дека донесеното решение е правилно и на Закон засновано, а ова од следните причини:

Во пријавата се наведува дека пријавениот Вангел Гагачев уште од 1987 г., до 1995 г. спроведувал постапки против Вас и Ве распоредувал на работно место намалувајќи Ви ги бодовите за плата, што значи сте биле оштетени од таквите постапки. (Тоа беше само еден пример со докази. Меѓутоа, се работи за многу такви луѓе од точка 4, а вкупно се 52 точки, Р.И.)

Со оглед да се работи за кривично дело повреда на работен однос е предвидена парична казна или затвор до 1 година. Согласно чл. 107 ст. 1 од КЗ настапува застареност на кривичното гонење.

Согласно дадената поука од страна на ОЈО- Битола, во решението за отфрлање на кривичната пријава, доколу сте сметале дека сте во право, сте можеле да го продолжите супсидијарно кривично гонење.

ДЛ/ЦП Јавен обвинител Димитар Лазаревски″.

″РЕПУБЛИЧКО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО-СКОПЈЕ

Предмет: Приговор

До Основното јавно обвинителство поднесов кривична пријава против Вангел Гагачев, со вкупно 52 точки.

Основното јавно обвинителство Битола ја одби мојата кривична пријава расправајќи само за една точка под број 3, како другите 51 точки да не постојат. Дури ми даде поука јас за него лично да поднесам обвинителен предлог само за точка 3, затоашто рокот бил надминат. Исто така, ова го повтори и Вишото јавно обвинителство- Битола, Јавен обвинител Димитар Лазаревски.

Бидејќи состојбата е сосем друга, до Вас поднесувам приговор:

Јас истакнав: ″Вашето Обвинителство мојата кривична пријава со вкупно 52 точки ја свело само на една точка, а таа била само онаа под број 3. Со тоа се потврди, дека мојата кривична пријава како самоволен чин, без никаква законска и правна основа, е отфрлена″.

Ова се потврдува и со одговорот на Вишото јавно обвинителство, РО.бр.22/08 од 19.09.2008. Ова се однесува само за работен однос. Па ваква кривична пријава јас немав. Мојата кривична пријава има вкупно 52 точки, а таква е и точката под 4 каде се говори за лица кои лично од него се изиграни. Значи, не се работи само за мојот личен доход (пример).

″Со оглед дека во кривичната пријава се наведени дејствија во период од 1987 година до 1995 година, а истата е поднесена на 15.07.2008 година, настапена е застареност на кривичното гонење за овие дела, бидејќи е поминат подолг рок од две години, што значи постојат околности што го исклучуваат гонењето″.

И ова не е така што се гледа под точка 3, на стр. 3 од кривичната пријава стои: ″...Кога ги собирав моите документи, двете последни години ЗК ′Пелагонија′ пензиското осигурување не го исплатил...

Бр.03- 413

26.12.2006...ЗАКЛУЧОК...″.

Значи, нема ″застареност на кривичното гонење од чл. 107 КЗ″, затоашто рокот се уште не е надминат. Тоа е само по 26.12.2008.

Од Вишо јавно обвинителство- Битола следи одговор, со предмет РО.бр.22/08 од 19.09.2008. Во него стои: ″...Во врска со Вашиот поднесок од ОЈО- Битола го прибавивме погоре наведениот предмет и след оценка на споменатото решение, заедно со списите кон кривичниот предмет, сметаме дека донесеното решение е правилно и на Закон засновано...на работно место намалувајќи Ви ги бодовите за плата...″.

Меѓутоа, јас никогаш не сум поднел кривична пријава за да се разреши мојот проблем, туку кривичната пријава под точка 3 е само мој пример, а во точка 4 следат мноштво други личности, од него изиграни. На овие личности, чии имиња и презимиња јас не ги наведив, од ВАС не беа побарани нивните имиња и презимиња со одреси, за ВИЕ и ним да им испратите она што мене ми го испративте. А каде се другите 51 точки ?!

Во надеж да се прифати кривичната пријава во целост, и да се расправа за сите наведени поединечни 52 точки, се заблагодарувам.

27.09.2008 Ристо Ивановски

Б и т о л а Ул. Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″.

″ДО ПРЕМИЕРОТ НА ВЛАДА НА Р.МАКЕДОНИЈА

Предмет: Испраќање на мој приговор
до Републичкото јавно обвинителство.

Јас имав испратено кривична пријава до Основното јавно обвинителство- Битола.

Бидејќи тоа неа ја свел од 52 точки само на една, само под точка 3, ја одби.

Следи да протестирам до Вишото јавно обвинителство.

Бидејќи со него истото се повтори, поднесов приговор и до Републичкото јавно обвинителство.

27.09.2008 Ристо Ивановски

Б и т о л а Ул. Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″

31. Ако се знае дека има околу 2.000- 4.000 ха солени површини, со приноси како овчеполските, лажењето на државата за признат просечен принос е огромно. Па тие да сеповратат само во езера=рибници. Така ќе се зголеми релативната влага на воздухот, а со тоа и тие земјоделските приноси. Бидејќи Битолското Блато било на патеките птици селници, а за да се смали нивната смртност, Р.Македонија ќе добие инвестиции за возобновување на Блатото. Ќе следи развиток на туризмот...

32. Се кажа 27.000- 25.000 ха, а Битолското Блато беше на околу 4.000 ха. Со ова се објаснува, неблатните површини биле сопственост на жителите. Тие живееле од блатото и земјоделското производство.Никој не отишол во странство, оти никој не бил без работа. Земјата била национализирана и со сила безплатно одземена со се објекти. Се ова било брането со пушки. Учесник бил и Милачко Стаменков, кој за да не трпи производството со вработените заедно работел, дури тој приколицата ја придржувал на рамо и тоа за да се замени нејзината гума... Следи тој од Вангел Гагачен да биде избркан од работа, поради што тој срцево оболел и умрел, што важело за многу други. Пак, Вангел Гагачев, кој немал врска со Битолска околија, народното го грабнал и го направил свое. Значи, тој како дојденец во битолско го присвоил битолскиот имот на селаните. Тие биле вработени во нивниот Комбинат. Тие биле избркани од народниот душман Вангел Гагачев, а нивните деца бегаат во странство во потрага за корка леб, која крвникот таа и се друго им украл. Се ова него не му пречи, неговите две деца да работат врз нивната трагедија во Стопанска банка- Битола и ″Млекара″- Битола, што важи и за нивните брачни партнери, каде тој со парите на протераните селани станел двоен акционер, дури од ″Млекара″ си ги повлекол акциите, кои биле со потна крв платена од избрканите селани.

33. Овде се говори за Милачко Стаменков. Тој ми кажуваше дека имал документи како и кој крадел во Комбинатот. Ако негова сопруга не ја поткупи ГАЗДАТА, таа ќе може нив да ги приложи. Такви има и други, кои немаат смелост, се плашат од неговата моќ, се тој да поткупи и уништи. Меѓутоа, кога тој ќе умре, во битолско ќе се слави. На неговиот гроб ќе се врши голема нужда, што се правело врз комунистички моќници, народни непријатели. Па врз вакви ѕверови толку народот можел и толку направил. Таква е ненародната власт. Ваков е срцеболесниот КРВНИК.

34. Меѓутоа, на Вангел Гагачев никој ништо не му можел. Тоа се потврдува со наводот, кога тој со својата банда го организираше труењето на добитокот со запрашена пченка со најголемиот отров жива, а со тоа и на луѓето потрошачи на животинска храна, него влакно не му фалеше. Исто така,неговите соработници Петар Мицевски и Боне Палашевски,на кои им купи магистратури и докторати, со нив тој мене побрзо ме ликвидира. Дури моето место му го предаде на Бонета... Напротив, кога во Скопје врз Киро Глигоров беше извршен атентат, загинал Христо Христоманов, потписникот дека немало труење со жива, зашто сум пишел во гласилата, од никој недемантирано, тој беше казнат од семоќниот Бог. Исто така, почина и Петар Мицевски. Нема добро да заврши ни Бонета...

35. Тој е свесен за своите гревови. За тие него од Бога да му бидат опростени тој подигнал црква на Кајмакчалан, дури помага за црквата во село Драгош. Меѓутоа, Богот не опростува украдени пари, од народот грабнати пари. Богот секогаш ги казнувал клептоманите. Тој со клептомански пари дава јадење оти се спасил од смрт. Дека тој ја мрази црквата е доказ, кога свечено ја отворал црквата на Кајмакчалан, приемот не бил општонароден, туку само за неговите пријатели, бандити, а народот бил избркан. Богот таквите ќе ги казни со нивните семејства, и тоа повеќе генерации, се додека нивните семејства ги трошат од народот украдени средства. На такви ѕверови нема да им помогне ни нивното превртување во гроб за злоделата извршени врз народот. Истото важи за сите судии, обвинители и правобранители, кои им помогнуваат на арамиштата се од народот да се украде.

36. За спас на Комбинатот тој итно да се избрка од него, а и од државата, што важи за сите негови соработници и подржувачи.

37. На наведените датуми испратив кривична пријава со нејзино дополнување за детиштето, бричко, кој станал комунистички газда=арами-ја. Тој тоа постанал само со тоа што тој на вработените им плаќал и плаќа најниски лични доходи, вработените ги избркал од работа. Само така тој се нивно просвоил=украл и станал дури нивни газда=арамија.

38. Со личен доход како и плаќање на доприноси на личен доход за во пензија во последните години на работниот стаж како тој што сака и на кого сака неговиот арамилук си го зголемил.

39. Со тоа што тој ја запознава јавноста дека тој сеел само 16.000 ха, од кои есенски култури пченица и јачмен 10.000 ха, чија недоходовност ја покрива државата, како и 6.000 ха пролетни култури, тој не можел да стане голем газда, затоашто тие немаат видна акумулација, кога кај него нема две култури зашто е предвиден и ХМС ″Стрежево″. Да не се изуми, дека пред него со наводнување преку Црна Река и со канали, кои бедникот ги затрпал создавајќи услови за неможно подоходовно производство, беа наводнувани вкупно повеќе површини отколку со него со ХМС ″Стреже-во″. Ова се истакнува само со цел да се објасни, дека тој сее многу повеќе илјади хектари површини. Тоа може да се потврди, ако се прегледаат сите површини кои им припаѓаат на Комбинатот. Па тие се сите посеани, а не само 16.000 ха, колку што тој сака да прикаже. Што ова значи ? Само едно, тој води двојна документација: една за да се лаже државата, тој сеел само 16.000 ха. Меѓутоа, тој за тие 16.000 ха потрошил по хектар толку проценти повеќе нафта, масло, семе, ѓубре, заштитни средства...колку што проценти имал посеено повеќе површина. Ама таа вкупна површина изнесува повеќе од 25.000 ха. Токму затоа тој со двојната документација господари со оние повеќе од 9.000 ха кои тој не ги прикажува. Така тој со приносите на вторите документирани површини во прав смисол станал газда.

40. За доказ дека тој ги сее сите комбинатски површини е доказот, тој на индивидуаллниот сектор, на селаните, им предал двојно повеќе површина за тие со нив да стопанисуваат отколку што државата од него барала. Меѓутоа, сите тие биле зафрлени површини, а не групирани во парцели.Тој ним им ги дал оние површини кои за него не играле улога тој од нив многу да добие. За ова да се дообразложи се наведува и доказот, во од него предвидените површини има само последна класа на земја, а никако прва, втора...Така тој ја изигрува Владата и нејзиното Министерство за земјоделие...

41. За наведеното да се дообразложи, тој во никој случај само со 16.000 ха сеидбена површина и ликвидирано сточарство не можел да стане акционер на битолската ″Млекара″, а акците си ги повлекол, ниту во 2008 година да му префрли средства за личен доход на РЕК ″Битола″, што само по себе многу зачудува.

42. За да се потврди, дека тој прикажува многу помали површини отколку што се вистинските, е доказот, на 06.08.2008 новинарот од Битола Боби Силјановски преку македонското радио, прва програма, во вестите 15,30 часот (15,52 ч.), соопшти, вкупно биле ожниени 7.000 ха пченица со 30.000 милиони тони. Со ова се потврдува, тој за јавноста упорно докажува, тој есенски култури (пченица и јачмен) сеел 10.000 ха. Меѓутоа, место тој да добие од рамничарските површините, а вакви се оние од него наведени, во просек по 6.000 кг/ха, како што беше пред него, неговиот просек е само 4.286 кг/ха.

43. Како потврда дека тој е државен саботер, уништувач на народниот имот, него поради лични цели му замрзнала пченицата. Тој на есен посеал сорта пченица која била повеќе пролетна, и таа во пролетта му замрзна, како и поради густа сеидба таа му полегна, па скапа. Токму затоа нејзиниот принос изнесуваше само 2.800 кг/ха. Ова не е се. Тој за докторира во Нови Сад, во 1978 година посеал хибриди сончоглед. Така место да биде просекот 2.700 кг/ха, тој добил помалку од 800 кг/ха. Пак, шеќерна репа место 60.000 кг/ха само околу 25.000 кг/ха. Меѓутоа, саботер=саботер. Токму ова се совпаѓа со кумунистички=арамиски газда.

44. Тој како моќник му овозможил на неговиот сопотекловец и сопартиец на СКМ= СДСМ, за кого наведив под точка 16, тој како него да стане газда во ″Пелагонијакомерц″. Овој човек бил од кадровата политика на македономразецот, газдата=арамијата на ЗК ″Пелагонија″.

45. И конечно, тој го управувал и приватизирал Кобинатот со неговите соселани и роднини Буфчани, каде како планинско место не е за земјоделско производство, туку само гуштерско. Со нив тој се направил, како што само тој сакал. Ама има уште еден Мариовец, негов школски, агроном, кој се учи напамет, тој само тоа можел. Овој кога со Буфчанецот, газда, разговата телефонски, дури на оддалеченост 10 км, стои простум и во став мирно. Ако некој на газдата му мрдне, тој него го брка од работа. Од газдата овој беше поставен за директор на Фабриката за добиточна храна с.Радобор, потоа станал дури негов комерцијален. Се по контрола. Меѓутоа, како што на газдата детиште синот детиште во ″Млекара″ станал трговски патник и синот на Мариовецот заработува од млекото...

45. Негови најблиски агрономи биле неговите соселани Ѓорѓи Волчевски и Димче Аспровски. Првиот бил во се со него. Со текот на времето тој сфатил дека неговиот соселанец и негов газда се сторил само лично за себе. Па тој почнал да се залага за правдина. Иако цело време со својот соселанец бил директор, до пред некоја година, паднал во милост и немилост, морал да си оди, да спаси што може да си спаси. Напротив, Димче Аспровски си ја сфатил и спровел свинската. Токму затоа свински си го поминал животот. Цело време со газдата бил директор, како свинче убаво награден: зел парична награда за во пензија, кола... Ама и колата има своја вредност која се изразува во пари. И за ова газдата не платил данок. Па зошто тој на Р.Македонија да и плати данок: кој арамија плаќа данок ?

46. Вакви парични награди добиваат и други, што ја одредува и дава само газдата, а неговите самоволија ги покриваат неговите извршнители. Така со газдата и овие слепи извршители го плачкаат народот, кој не е нивни.

47. Газдата ги брка од работа оние кои не ги сака. Тој како нетукашен тукашните не ги сака. Следи во Комбинатот избрканите тукашни од душата да ги мразат нетукашните. Со ваквите злостори тој создава раздор меѓу народот, тукашни и нетукашни. Избрканите од него како технолошки вишок, кој се пресметува и за во пензија, е со данокот на сите граѓани, а не на неговите вработени да работаат како војни робови со работно време и тежина само како тој што сака. Тој со неговото лажно болно срце, само да не служи војска, нема да издржи ниту еден ден, камоли со години додека кутрите ќе морат да си заминат. За овие не следи никаква награда, ниту и таа која им следи како на секој смртник: испраќање на посмртните остатоци. За неговите пулени се плаќа дури како за посмртна свадба, а таква само тој од 1978 година најповеќе ја заслужува.

48.Се истакна, Комбинатот имал 27.000 ха, а во јавноста се знаеше за 25.000 ха, што беше само со цел со приносите од разликата на хектарите да се зголеми приносот по ха. Меѓутоа, трошокот за производство по ха беше зголемен за толку проценти колку што беа заскриени ха (2000). За ова да се потврди се кажа, дека Владата имаше предвидено Комбинатот да одвои површини од сите класи и како такви да им бидат доделени на лица кои се бават или сакат да се занимаваат со земјоделско производство. Овде Владата беше изиграна, газдата- моќник им дал повеќе површина отколку што било барано од Владата. Тие површини имале најлоша земја, никаква класа, дури таква и не постои во земјоделската класификација. Површините биле на краевите на комбинатските површини, каде немало патишта итн. Со ова се објаснува, досега никој не ги измерил површините на Комбинатот. Тие се многу повеќе од прикажаните. Токму затоа со нив многу повеќе се лаже државата, многу повеќе се плачка народот.

49. Државата доделуваше премија за земјоделско производство. Меѓутоа, со неа лажно се зголемуваше приносот. Пак, кога тој стана газда, таа цела се присвојува, и тоа без да биде лажно зголемено производството по ха земјоделска површина. Ова говори за можноста, лажењето со приносот и површините се огромни. А при тоа се плачка само народот.

50. Државата доделуваше и доделува премија. Нејзината цел беше, и е строго одредена, и тоа само за унапредување на земјоделското и сточарското производство. Меѓутоа, тоа има обратен тренд. Ова ни објаснува, дека премијата нема наменска примена. Токму затоа таа се плачка и станува сопственост на газдата. Така тој место со неа да го унапреди, што значи зголеми, производството, тој си го унапредува, зголемувам плачкањето на народот, кој никогаш не бил негов: од овој слабосрцев убиец се уништени и ликвидирани лица со челични срца.

51. И конечно, како се плачка народот е доказ со цената на млекото. Државата им одреди цена на млекото, со која млекопроизводителите беа задоволни, се почна да се размислува за зголемување на бројот на крави, дури со повисока млечност... Како што Млекарите во државава ги плачкаа фармерите, како што газдата од 1978 година го плачкаше сточарството во полза на неговото екстезивно и недоходовно пченично- јачменово производство, потполен лаик за доходовно производство како што е млекопроизводството..., вчера млекопроизводителите протестираа, затоа што Млекарите меѓусебно се договориле да го уништат млекопроизводството, кое не е нивно. Ова беше повод што под точка 28. истакнав, млекарата да биде акционерско друштво на млекопроизводителите, а не на зеленашите, кои ни ја уништуваат државава.

52. Измеќарот на газдата Боне Палашевски, слабиот студент со звања со поламатура до магистер и со матура до доктор, платени од газдата, директор на Институтот за сточарство- Скопје, неизјави стручно, стручно потврдено, туку тој говори за разликата која била огромна од она предвидена од Владата и дадената од Млекарите. Значи, газдата го плачка народот за 9000 и повеќе ха, со признати трошоци кои се доволни да се посеат сите постоечки површини. Па од прикажаните хектари 100% пари се употребуваат да се префлат на приватни сметки, со кои се купуваат акции и се друго што сака газдата, срцесакатиот, кој многу срцевито го осакати и оплачка народот.

Таква судбина ги задесила битолчаните и пошироко битолско...

01.09.2008 Д- р Ристо Ивановски

Б и т о л а Ул.Михајло Андоновски бр. 6/21 Битола″.

Исто така, на 01.01.2008 до Премиерот испратив предмет: Испраќање на кривична пријава и за истото му објанснав.

Добив од одговор од ″Влада на Република Македонија

Канцеларија на Претседателот на Владата

Бр. 07-2198/ 5 Скопје, 16.09.20008 До:

Г-дин Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Предмет: Одговор на Ваш допис

Почитувани г-дин Ивановски,

Имајќи ја предвид содржината на Вашиот допис, Ве известуваме дека согласно Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македнниjа како носител на извршната власт, нема надлежност да утврдува нечија кривична одговорност.

Истовремено, Ве информираме дека единствено надлежен да постапува по поднесените кривични пријави е Јавното обвинителство, кој согласно Уставот на Република Македонија и Законот za Јавно обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела.

Во таа смисла, Ве упатуваме дополнувањето на кривичната пријава да го поднесете до надлежното Основно јавно обвинителство- Битола.

Ви благодариме на разбирањето.

Со почит, Канцеларија на Претседателот на Владата″, потпис.

**6.** За да се потврди моќноста на македономразецот Вангел Гагачев,е доказот што тој со органите на државата ми нанесе огромно зло. Во прилог е проблем со нашата семејна куќа. На 30.06.1999 испратив предмет:

″До: Народен правобранител на Република Македонија

Од: Ристо Ивановски, ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола...

Предмет: Барање за испитување на фактичката состојба по Решение бр. 31-1471 од 26.05.1999 од Второстепената комисија на Владата Р.М.

Во 1994 година соседот Стевче Станчевски (′Риечка′ бр. 7 Битола) подигна траен објект. За него Подрачната единица на Мин. за урбанизам и градежништво Битола, има донесено записник, решение и заклучок за уривање. До денес, уривањето не е извршено. Тој објект е од јужна страна на нашата куќа (ул. ′Риечка′ бр. 9 Битола), а сега од западна страна, на истото лице, Пенка Матовска, референт при Подрчната единица на Мин. за урбанизам и градеж. му издава ′услови за градба′ без да ја утврди фактичката состојба. А, за да се исполнети тие услови, **ние ќе мора да го урниме постоечкиот ѕид од куќата кој е со векови на исто место (!?)**, него да го поместиме 60 см. кон исток за да се исполнат условите за да може да гради со-

седот Стевче Станчевски. Без утврдување на фактичката состојба, Второстепената комисија на Владата го одби жалбеното барање и сега тој предмет се наоѓа во Врховниот суд. Ако Врховниот суд ги потврди ′доказите′ на Пенка Матовска, која постапуваше по предметот, ќе мора да се урне ѕидот и тој да се помести 60 см. кон исток за да се задоволи нејзиното решение. Ристо Ивановски (потпис, Р.И.) 30.06.1999 г. Битола″.

″Република Македонија

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

НП Бр. 07- 731/99

05.08.1999 година

Скопје

Предемет: Известување

Во врска со Вашата преставка поднесена до Народниот правобранител која се однесува на подигање на траен објект од страна на Соседот, Ве известуваме за следното.

По разгледување на преставката Народниот правобранител утврди од Вашите наводи дека се работи за постапка која се води пред судски органи, односно дека предметот се наоѓа на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија.

Според член 98 од Уставот на Република Македонија, судовите се самостојни и независни во одлучувањето, а според член 14, став 2 од Законот за судовите, при одлучувањето врз судовите не може да се врши какво и да е ограничување, влијание, поттикнување, притисок, закана или мешање директно или индиректно од кој и да е субјект и поради која и да е причина. Според член 14 од истиот Закон, судијата донесува непристрансни одлуки врз основа на слободна оцена на докази и примена на закони.

Согласно член 2 од Законот за народниот правобранител, Народниот правобраните е надлежен да ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа или од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Притоа, Народниот правобранител нема овластување да ја оценува исправноста на работата на судовите ниту да ги менува нивните одлуки.

Според член 11 од Законот за народниот правобранител (′Службен весник на РМ′ бр.7/79), Народниот правобранител не постапува по предметите за кои е во тек судска постапка.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај се работи за постапка која се води пред судските органи, Народниот правобранител цени дека нема место за негово постапување поради што ја отфрла преставката.

Имено, според член 11 и член 16, алинеја 3 од Законот за народниот правобранител, Народниот правобранител ќе ја отфрли претставката ако од податоците што му стојат на располагање произлегува дека предметот е во постапка пред судски органи.

КЕ/НК Народен правобранител Бранко Наумоски″, потпис.

На 12.08.1999 испратив предмет: ″Н.П.Бр. 07-731/09 од 05.08.1999

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на Ваше известување.

На 30.06.1999 Ви испратив мој предмет за испитување на фактичката состојба по решение бр. 31-1471/1 од 26.05.1999 од Второстепената комисија на Владата на Р.Македонија. Бидејќи Комисијата на Владата е орган на државната управа, што се совпаѓа во согласност со членот 2 од Законот за народниот правобранител, јас го испратив моето барање. Токму тоа Вие во Вашето писмо како предмет НП.Бр.07-731 од 05.08.1999 ми го известувате.

Значи, моето барање е да му помогните на Судот за направената неправда од Министерството за урбаннизам и градежништво- Подрачна единица, кое како надлежно за издавање дозволи за градба на објект е должно:

1. Да ја испита фактичката состојба и

2. Да бара дозвола за градба од соседот.

Подрачната единица ги излага Комисијата на Владата по основа дека не е утврдена фактичката состојба и не е барана дозвола од нас како сосед, зашто е најнеопходно за да се добие дозвола за градба.

Токму заради овие злоупотреби на Подрачната единица јас како граѓанин се обратив и тоа го повторувам со овој предмет да постапите според Законот во заштита на самово-

лијата на државниот орган, Вие да му помогнете на Судот тој да не биде излаган, како што досега беа излагани досегашните комисии

Во надеж да се прифати мојот предмет и постапи според Законот се заблагодарувам и Ве поздравувам.

12.08.1999 Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола".

НИКАКОВ ОДГОВОР ОД НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Дека Врховниот суд на Р.Македонија и Народниот правобранител не биле народни, туку само едно партиски, се потврди со постапката што ја направи и самиот сосед. Тој го купил сиот градежен материјал, кој бил донесен за да започне подигнувањето на неговиот објект. Бидејќи ние нашата куќа не можевме кон исток да ја поместиме, ниту сакавме ѕидот да го рушиме, кога тој се убеди, таму немало место за градење друг градеж, зашто расправале и Врховниот суд со Народниот правобранител, од кои моите предмети беа одбиени, се потврди: ТИЕ НИКОГАШ НЕ БИЛЕ НАРОДНИ. Тој побарал и добил дозвола да гради во неговиот двор. Градеж изградил...

"МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ- СКОПЈЕ

ОПШТИНА БИТОЛА - ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ- БИТОЛА

Предмет: Неизвршено Решение и затаен предмет.

До денес не е спроведено Решение Уп.бр.2-15/263 од 11.04.1994, а се работи за подигнат објект без дозвола и на туѓ простор на ул. Риечка бр. 9 и тоа од страна на соседот на ул. Риечка бр. 7. Па така тој како траен објект до денес си ја обавува својата намена,

Исто така, другиот сосед на ул. Риечка бр. 11, на другиот ѕид има подигнато траен објект без дозвола итн. Потоа тој истиот куќен ѕид го рушил, што беше повод нашата куќа побрги да се распадне. Само така тој ја променал фактичката состојба. Ова него не му беше доволно, тој за да го присвои нашиот простор, на место на срушениот ѕид подигнал нов, но не како што беше, туку со поголема длабина, како што тој си сакал. За ова на 30.12.2005 со препорачано писмо и се јавивме на Подрачната единица во Битола. Со тоа замислата да се промени фактичката состојба тој целосно ја остварил.

Токму поради овие неразрешени спорови, куќата со дворниот ѕид се распаѓаат, со што сме спречени да преземиме градежни зафати итн.

Во врска со нашиот предмет 'Неизвршено Решение и затаен предмет', редовно и секој година, Ви се обраќаме.

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодаруваме. 25.01.2008

Ристо Ивановски<br>
Б и т о л а Ул. Михајло Андоновски бр. 6/21<br>
Битола".

Како по норма Врховниот суд предметот го потврди, и северниот сосед го руши северниот ѕид и тој влезе внатре во нашиот имот, како што влезе од југ наведениот сосед. Бидејќи Министерството за урбанизам и градежништво ништо не превзема, ние ништо не можевме да направиме, куќата и надворешниот ѕид од исток се распаѓаат. Јужниот сосед на Стевче Станчевски,сопственик на битолската телевизија "Орбис" во август и септември 2008 година ја прикажува нашата куќа, како битолски проблем, а не она што тој прави...

**7.** Мојата понатамошна борба за мојата обесправеност ја продолжив на 22.09.1997 на тек тогаш основан "Републички јавен правобранител-Скопје. Ж А Л Б А

Како кандидат за генерален директор на ЗК 'Пелагонија'- Битола државниот непријател незналица и арамија Вангел Гагачев ми монтира судски процес со необразовани и неписмени лица. Затоа премиерот проф.др. Никола Клусев формира своја комисија. Таа соопшти дека судскиот процес е без факти и докази. Тоа нему не му пречеше да ми изрече дисциплинска мерка престанок на работен однос. Токму затоа сум без работен однос од 21.05. 1991. Тоа беше можно кога го поткупил правосудството со државни средства и тоа не ги признаваше моите сведоци, ми ги одзеде правото да иземам судии, судиите кои решаваа во моја полза без мое знаење ги иземаа, во пресудите и решенијата постои само една странка тужениот ЗК 'Пелагонија', што е дрскост и неучтивост и во секој расправа го кинеа доказот од премиерот проф. д-р. Никола Клусев и никаде не беше наведен како тој да непостои.

Како поткрепа дека нема докази и факти е решението за времена мерка, решенијата на Општинскиот суд- Битола каде стои нема докази и факти- лична пресметка со Вангел Гагачев, тоа беше потврдено од Окружниот суд- Битола повеќе пати. Како доказ за подмитеноста на правосуството е наводот од Врховниот суд- Скопје во кое се гледа дека нема докази и факти, како и Врховниот суд го обвини Окружниот суд дека тој не си ја обавил својата работа.

Овој процес траеше долго заради неговиот првбратучед ′судија′ Вангел Гагачев, кој како окружен судија се изживуваше, што го продолжи и во Врховниот суд- го држеше мојот предмет во неговата фиока со години. Кога директорот Вангел Гагачев постана советник на СДСМ за Битола неговата партија даде налог да се донесе конечно решение во кое стои само една странка ЗК ′Пелагонија′- Битола. При тоа истите судии во ова решение си го негираа претходното, што значи покажуваат своја сила.

Како поткрепа на изложеното е и следниот доказ: со ист предмет П.бр.987/91 бевме остранети од работа јас и Китан Минчевски. Иако Ки-тан беше обвинет со повеќе и потешки дела, судот го ослободи и тој е понатаму на исто работно место. Тоа значи самоволијата се до израз. За се горе наведеното сум пишувал повеќе пати во ′Дело′.

По одбивањето на мојата ревизија од Врховниот суд- Скопје мојот предмет го испратив до Јавното обвинителство на Македонија. Тоа се огласи како ненадлежно согласно чл. 401 од ЗПП и со предмет го.бр.32/97 од 05.06.1997 ми ги врати моите документи.

22.09.1997 Жалител Д-р Ристо Ивановски...″.

″Република Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Бр. 24/1 15.01.1998 година Скопје

ДО РИСТО ИВАНОВСКИ Ул.Михајло Андоновски бр.66/21 Б-ла

ПРЕДМЕТ: Покана за разговор ВРСКА: Наш број 73/1/97

Во врска со Вашата преставка доставена до Народниот правобранител Ве молиме да дојдете на разговор заради одредени укажувања во преставката.

За терминот на разговорот да се јавите на тел. 224- 576 со цел да се договориме за најпогодно време за одржување на разговор.

/ДВ Заменик на Народниот правобранител Сузана Салиу″,потпис.

На пликот сум запишал, писмото било примено на 20.01.1998, а расправата била на 27.01.1998 година. А тогаш таа го негираше предметот на Комсијата, што ја оформил премиерот проф. д-р Никола Клузев, затоашто според неа, таа била партиска на ВМРО-ДПМНА, иако таа како Албанка со нејзина партија била во коалиција со СДСМ, кои коалициски војувале...

Во прилог е пликот на писмото под Бр.НП-24/02 од 02.02.1998, со текст од Барањето од 14.07.2008, што е наведено на страна 25:

″Република Македонија

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Бр. НП-24/2 02.02.1998 година Скопје

До Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

ПРЕДМЕТ: Доставување на одлука

Во прилог Ви ја доставуваме Одлуката на Народниот правобранител во врска со Вашата преставка бр.73/1/97 донесена на 28.01.1998 година, поднесена на 01.12.1997 година.

Заменик на народниот правобранител Сузана Салиху″.

″Република Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

НП Бр. 07- 731/99 24.08.1999 година Скопје

До: Ристо Ивановски ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола

Предмет: Известување

Во врска со повторно доставената преставка до Народниот правобранител Ве известуваме дека Народниот правобранител не е овластен да се меша во работата на судот, односно Народниот правобранител, според Уставот и Законот за народниот правобранител, своите работи ги врши во рамките на Уставот и законот. Според тоа, Народниот правобранител не може да презема дејствија надвор од неговите уставни и законски овластувања, а како што Ви наведовме во претходниот одговор, според Законот Народниот правобра-

нител не постапува по предметите за кои е во тек судска постапка и не може да влијае на работата на судот.

Понатаму, според член 13 од Законот за народниот правобранител, преставката покрај личните податоци на поднесителот треба да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели преставката. Во прилог на Вашата преставка не се доставени никакви докази врз кои ја темелите Вашата преставка.

Воедно, Ве известуваме дека доколку Врховниот суд на Република Македонија ја прифати Вашата тужба, а надлежните органи не постапат по пресудата на Врховниот суд, можете повторно да се обратите до Народниот правобранител заради преземање на соодветни мерки према надлежните органи заради постапување по укажување на Судот.
НК Народен правобранител Бранко Наумоски″, потпис со печат.

Поради мојата понатамошна обесправеност на 10.09.2001 се обратив до: ″Република Македонија Народен правобранител Скопје

Предмет: Преставка

Како кандидат за директор во 1990 година на ЗК ′Пелагоннија′- Битола и кандидат за пратеник на ВМРО- ДПМНЕ во 1991 година ми се монтира 100% судски процес од директорот на ЗК ′Пелагонија′- Битола Вангел Гагачев и активист на СДСМ. За потврда дека нема докази и факти е предметот од Кабинетот на претседателот на Извршниот совет на СРМ од 03.05.1991. Овој предмет од секој судски постапок беше уништуван, а јас морав нахнадно да го приложам. Токму затоа јас останав без работен однос од 20.05.1991.

Јас морав да го изгубам судскиот процес оти јас бев прогласен непријател на Егејците. Затоа најактивни беа првите братучеди на директорот, браќа, двата Егејци од исто село Буф, Вангел Гагачев и неговиот брат Гагачев, па мене ме ликвидираа како Вардарец двајца судии Егејци: Ристо Георгиевски и Бранко Цокински. За потврда дека според се се одвиваше по порачка е доказот, дека јас против судиите поднесов кривични пријави, како и против директорот Вангел Гагачев, од Окружното обвинителство се јавуваше Егејецот Прчковски. Затоа јас го изгубив правото да иземам судии, а без мое знаење судиите кои решаваа во моја полза без иземени. Од настанатата состојба од 13 судски одлуки јас изгубив 7 : 6. Самиот резултат говори дека судскиот спор 100% бил монтиран. Тоа се потврдува и со тоа, дека со мене со ист предмет и иста жалба бевме избркани и се судевме со актерот за собирање на потписи и одвојување на Свињарска фарма како посебна работна единица како што беше порано, значи судскиот процес беше синдикален. Тоа беше поранешниот раководител на фармата Китан Минчевски. Иако тој беше оптужен за повеќе и потешки дела, тој беше вратен на работа, го прими своето обештетување, а предметот продолжи да се води само за мене и тоа како непријател на Егејците. Со овој предмет Вие сте запознати, со Ваш предмет бр. 24-2 од 02.02.1998: вие не сте биле надлежни, оти не се ′работело за повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот′.

Ама како непријател на Егејците јас сум непожелен во Универзитите во државата, иако само јас ги исполнувам условите да бидам избран наставник во нив: јас сум работел научен соработник 4 години во Германија, сум докторирал во Австрија, имам самостојни трудови објавени вон Р.Македонија, имам објавено книга Исхрана на говедата и три историски книги. Напротив, примените кандидати со конкурс се со интерни дисертации со историски теми за матура, немаат издадено ниеден учебник и книга, немаат објавено самостојни трудови и нивните писарии се зеднички: на таков начин го изигруваат законот и школството.

Сето ова произлегува дека рецезенти се Егејци: Никола Поповски и Ташко Токовски. Ова го прават како Егејци, поткупени од директорот, лична одмазда оти за нивното непознавање имам објавено трудови и написи, како и со моето ликвидирање тие прават проекти и ги материјализираат своите непознавања. Во оваа уништувачка екипа припаѓа и ветеринарниот лекар Борис Ангелков во Вишата земјоделска школа-Битола, во која од него не можам да бидам примен, а тој не е Егеец: јас сум негов пријавувач за неговите директни штети во сточарството. Сите овие не смеат да се бават со сточарска дејност, а тие се главните носители на уништувањето на сточарството.

Како Егејци, мои непријатели се: директорот на Институтот за ветеринарство Ѓорѓи Мицковски, директорот на Институтот по сточарство Апостол Цилевски, наставникот и ми-

нистер Ефтим Анчев, претседател на наставничкиот совет на Земјоделскиот факултет Лазо Сиваковски итн.

Токму поради мене во 1990 година не се изврши избор по свињарство на Земјоделскиот факултет, до денес нема наставник и не се потполнува. Следи 1995, 1996 итн. Јас не сум примен по говедарство а е примено интерно лице ветеринарен техничар Атанас Трајковски: овој вечерно завршил факултет, магистрирал и докторирал а немаше ниеден труд. По вторпат од 1999 година е објавен конкурс, до денес се молчи. Ова е доказ за самоволијата на Факултетот. Исто така, тоа беше и во Институтот за сточарство за истиот предмет кога беше примен Боне Палашовски, мој потчинет. Тоа се повтори за изборот за предметот по овчарство, а беше примен Владимир Џабирски. Инаку, при сите избори, наставникот кај кој се промовира, истиот се јавува и како рецезент, што е спротивно на законот за високообразование.

Истото важи и за Ветеринарниот факултет: јас бев одбиен по исхрана, а е избрано лице Ристе Проданов кое никогаш не се бавело со исхрана, што продолжува до денес. По сточарство е избран пропаднатиот студент Михајло Адамов, а јас одбиен. Ваквата постапка им е во интерес на рецензистите, оти тие на таков начин се водачи во сточарството во државата, таа беше само пред Косово во СФРЈ, а сега е само пред Албанија во Европа. Државата страда, а профитираат актерите, материјализирајќи ги своите непознавања.

Во надеж да се почитува правдата и прекинам да бидам без работен однос од 20.05. 1991, се заблагодарувам.

Д- р Ристо Ивановски ул. Михајло Андоновски бр. 6/21 Битола″.

″Република Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕ

НП.Бр. 07- 830/01 18.09.2001 Скопје

До: Ристо Ивановски ул. Михајло Андоновски бр.6/21 БИТОЛА

Предмет: Известување Почитувани господине,

Во врска со Вашата преставка во која наведувате дека како вработен во ЗК ′Пелагонија′- Битола на 20.05.1991 год. Ви престанал работниот однос, а воедно барате Народниот правобранител да преземе соодветни дејства со цел повторно да засновате работен однос, Ве известуваме за следното:

Согласно член 10 од Законот за народен правобранител (′Службен весник на РМ′ бр. 7/97), Народниот правобранител во вршењето на својата функција презема дејства за кои е овластен со овој закон заради заштита на уставните и законските права на граѓаните повредени од страна на органите и организациите што имаат јавни овластувања.

Од наводите во преставката произлегува дека Вие не се поплакувате на работата на органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, туку барате преземање соодветни дејства со цел повторно да засновате работен однос, за што Народниот правобранител нема надлежност да постапува.

Во смисла на сето погоре изнесено Народниот правобранител Ве известува дека на конкретниот случај нема место за покренување на постапка поради што согласно член 16, алинеја 1 од Законот за народниот правобранител ја отфрла Вашата преставка и истата се смета за завршена.

МХ/ЉИ Народен правобранител Бранко Наумоски″.

Значи, Бранко Наумоски се јавил само за неговиот злочинечки предмет, кој само си го допотврдил. Меѓутоа, нема ниеден збор за Универзитите, кои станале сопственост на вработените, како нивно наследно самоуправно право. Со тоа што тие биле и останеле само државни, злосторот е огромен. Ама тој бил и на Бранко Наумоски со многу други како него

″Република Македонија Народен правобранител Скопје

Предмет: Одговор на Ваш предмет бр.07- 830/01 од 18.09.2001.

Со мојата преставка се обратив за да се помогне во однос на обесправеноста од страна на Правосудството и Универзитете во Р.Македонија. Затоа преставката се состои од два дела:

1. Повторување на маратонскиот судски спор, кој 100% беше монтиран. Со тоа сакав да ги повратам сите свои права поврзани со вработувањето. Тоа може да се направи со Ваша помош пред судовите во државата.

2. Вработувањето во Универзитетите во Скопје и Битола, за кои ги исполнувам условите. Не само тоа, само јас ги исполнувам со научно звање добиено во Германија и Австрија, со свој учебник, три објавени историски книги и самостојни трудови. Ви посочив, дека поради мене од 1990 година предметот нема наставник и по втор предмет се објави конкурс во 1999 година за кого се молчи, без да се одговори на моите предмети.

Во надеж да се почитува човековото право, законите и да ми се излезе во пресрет, се заблагодарувам.

21.09.2001 Д-р Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21...″.

″Република Македонија Народен правобранител Скопје

Предмет: Моја жалба за од 18.09.2001 бр. 07- 830/01

На 10.09.2001 ви испратив преставка- жалба, а од Вас добив одговор со бр. 07- 830/01 од 18.09.2001. Незадоволен од Вашиот предмет, јас се јавив со мој следен предмет од 21.09. 2001. Бидејќи на тој не беше одговорено се жалив до Европската комисија во Брисел, и таа ми соопшти на ден 13.11.2001:

На 09.април 2001 година нашата држава го потпишала договорот за стабилизација и асоцијација, со кој таа се обврзува да ги почитува демократските принципи и човековите права. Ова било предуслов за понатамошното изградување на односите меѓу нашата земја и Европската заедница.

Мојата жалба се однесуваше на повторување на монтираниот судски процес, кој 100% беше приватизиран, и вработување на институциите, наведени во мојот предмет: постои слободно место од 1990 година предмет свињарство.

Во надеж да се почитуваат моите човекови права, се заблагодарувам.

30.11.2001 Д-р Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″.

″Република Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

НП Бр. 07- 830/01 17.01.2002 година Скопје

До: Ристо Ивановски ул. Михајло Андоновски бр.6/21 Битола.

Предмет: Известување

Во врска со Вашите дописи во кои реагирате на Известувањето под горниот број од 18.09.2001, Ве известуваме следното.

Народниот правобранител согласно член 10 од Законот на народниот правобранител (′Службен весник на РМ′ бр.7/97) во вршењето на својата функција презема дејства за кои е овластен со свој закон заради заштита на уставните и законските права на граѓаните повредени од страна на органите на државната управа идруги органи и организации што имаат јавни овластувања.

Од наводите во Вашите дописи во Вашите дописи произлегува дека Вие не се поплакувате на работата на органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, туку барате да преземеме соодветни дејства со цел повторно да засновате работен однос во ЗК ′Пелагонија′- Битола, за што Народниот правобранител нема надлежности да постапува. (Никаде не се наведени Универзитетите,Р.И.)

Ова од причина што согласно одредбите од член- 9, став 1 од Законот за работните односи (′Службен весник на РМ′ бр.4/94, 14/95, 53/97, 59/97, 25/2000, 3/2001 и 50/2001), одлука за засновање на работен однос донесува работодавецот, органот или работникот кого тој ќе го овласти.

Во однос на делот од Вашите наводи во кои се поплакувате на судската одлука, па во таа смисла барате да преземе дејства во смисла на повторување на судската постапка Ви укажуваме на следното.

Народниот правобранител нема законски овластувања да ги преиспитува судските одлуки.

Ова од причини што согласно член 2 од Законот за судовите (′Службен весник на РМ′ бр.36/95), судовите се самостојни и независни државни органи кои судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат приме-ната на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Понатаму, согласно член 16.став 3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд и во постапка пропишана со закон. Од друга страна

согласно член 11 од Законот за народниот правобранител не постапува по предметите за кои е во тек судска постапка.

Имајќи го предвид сето погоре изнесено Народниот правобранител уште еднаш Ве известува дека по повод Вашата преставка нема место за покренување на постапка.

МХ    Заменик народен правобранител Љупчо Ивановски″.

″Република Македонија  НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

O M B U D S M A N  Republic of Macedonia

НП.Бр. 07- 204/02   18.03.2002 год.

До: Ристо Ивановски ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола

ПРЕДМЕТ: Известување   Почитувани господине,

Во Вашата преставка доставена до Народниот правобранител наведувате дека од 1992 година водите работен спор за повторно засновање на работен однос и постапката по Ваш предлог за повторување на постапката поднесен на 20.09.2001 година е во тек пред Апелациониот суд Битола, поради што барате интервенција на Народниот правобранител за остварување на Вашите права.

Врз основа на наводите во преставката Ве известуваме дека Народниот правобранител, согласно член 11 од Законот за народниот правобранител (′Службен весник на РМ′ бр.7/97) не постапува по предмети за кои е во тек судска постапка. Воедно, Ве известуваме дека, согласно член 98 од Уставот на Република, судовите се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Во член 14 од Законот за судовите (′Службен весник на РМ′бр.36/95) е предвидено дека судијата донесува непристрасни одлуки врз основа на своја слободна оцена на доказите и примена на законот и при одлучувањето врз судијата не може да се вршат какви и да се ограничувања, влијанија, поттикнувања, притисок, закана или мешање директно или индиректно, од кој и да е субјект и поради која и да е причина. Согласно член 11 од Законот, се забранува секој облик на влијание врз судијата во врска со судењето.

Со оглед на таквата законска поставеност, Народниот правобранител во конкретниот случај нема можности да преземе дејствија во функ-ција на остварување на Вашите барања изнесени во преставката, односно не може да се вмеша во текот на постапката пред Апелациониот суд Битола ниту да ги испитува донесените судски одлуки или да врши нивно толкување или да бара од друг орган или од судовите да вршат нивно толкување или преиспитување, што би значело мешање во работата на Судот и директен атак врз, со Уставот на Република Македонија, загарантираната независност и самостојност на судовите како трета власт во Република Маке-донија. (Со Уставот се гарантирани правата на сите граѓани да се во работен однос, никој не смее без факти и докази да биде избркан од работа, за лажговците...арамиите...само затвор, да се избираат наставници само кои ги исполнуваат условите наведени во Законот за високообразование, а не само со интерни звања со тема за пола- и матура и тоа без ниеден самостоен труд, дополнително учебник... Следи Р.Македонија да заостани, Р.И.)

Со оглед на изнесеното, а согласно член 16, алинеја од Законот за народен правобранител, Народниот правобранител констатира дека нема основ за понатамошно водење на постапката по Вашата преставка и истата се смета завршена. (Типичен партиски извршител, Р.И.)

ИК/ТТ НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕ  Бранко Наумоски″.

Всушност тој и никогаш не бил народен, туку само партиски.

А Бранко Наумоски познава само многу членови и како СДСМ -овец тој за ништо не е надлежен во однос на мене, само како ВМРО-овец.

На 21.03.2002 до Народниот правобранител испратив предмет:

″НП.бр. 07- 204/02  Народен правобранител Скопје

Предмет: Одговор на Ваш предмет НП.бр.07-204/02

На 06.03.2002 до Вас ја испратив мојата преставка со следен текст:

′Како член и кандидат за пратеник во 1990 година на партијата ВМРО- ДПМНЕ од селската династија на СДСМ ми се монтира судски спор, со кого од 1991 година сум без работен однос и право на вработување. Тоа важи за универзитетите, кои се приватизирани од вработените како нивно наследно право...′.

На оваа моја преставка од Вас добив Ваш одговор НП.бр.07-204/ 02 од 18.03.2002, кој го добив денеска на 21.03.2002.

Споредувајќи ги моите наводи и одговорот на Вашиот предмет не се совпаѓаат. Значи, Вашиот одговор нема врска со мојата преставка...

21.03.2002". (Па тоа е начин на работа, само да се одговори...,Р.И.)

Па токму затоа Бранко Наумоски како партиец СДСМ- овец бил унапреден. Значи, тој бил извонреден извршител, зашто тој многу заработил

Инаку имам уште многу предмети со кои сум се обраќал: до Судскиот совет, министерот за правда, министерот за образование, министерот за урбанизам...,претседателот на државата, премиерот на Владата...Овде се наведени само поглавните, со кои има повеќевременска поврзаност итн.

Тоа што овде се среќаваат предмети кои не се однесуваат за Обвинителот, тоа е затоашто тие не сум ги објавил во претходните објавенија на оваа вебстрана.